Во координција помеѓу наставниците се планира писменото оценување (во еден ден да нема повеќе од едно писмено оценување, а во седмицата не повеќе од две). Секој класификационен период учениците добиваат најмалку по една оценка од секој наставен предмет, успехот се разгледува на одделенски и наставнички совет, а родителите се информираат на родителски средби, и писмено преку евидентните листови. (Училиштето има изготвена Политика на оценување која е дадена како прилог). Со неа се планираат активност и за реализација на конкретна цел/задача во врска со подобрување на оценувањето,односно подобрување на континуитетот во оценувањето). Наставниците го планираат формативното и сумативното оценување, во текот на наставата, по секоја наставна тема и на крајот на полугодие/учебна година. Без разлика дали оценувањето е бројчано или описно,политиката за оценување на училиштето секогаш се стреми кон почитување и исполнување на следните принципи на оценувањето:

- Оценувањето треба има за цел да ги подобри постигањата на учениците
- Преку оценувањето учениците треба да добиваат информација за тоа што од нив се бара да научат. Колку ќе научат и како ќе учат зависи во голема мера од оценувањето што се применува
- Оценувањето треба да го поттикне ученикот да учи и да му даде насоки како да учи и да ги зголеми постигањата во училиштето и вон него, а не само да утврди колку ученикот успеал да научи
- Оценувањето треба да обезбеди целосни информации за постигањата на ученикот
- Оценувањето треба да обезбеди податоци за тоа што учениците знаат и што можат да направат со тоа што го знаат
- Со оценувањето треба да се добијат податоци и за добрите страни и за слабостите на ученикот кои потоа треба да се искористат за да се обезбеди напредувањето на ученикот во постигањата.

- Оценувањето да биде составен дел на наставниот процес (учењето и поучувањето)
- Поучувањето, учењето и оценувањето да се надоврзуваат и обезбедат кохерентност во наставата
- Оценувањето да се базира на користење на повеќе различни методи
- Користењето на повеќе различни методи овозможува дасе минимизираат слабостите на секој поединечен метод
- Кога се користат повеќе различни методи, оценувањето ги зема предвид различните стилови на учење на учениците
- Оценувањето да биде континуиран процес
- Оценувањето треба да опфаќа активности на следење и вреднување на работата и постигањата на учениците во текот на целата учебна година
- Оценувањето да биде праведно
- Оценувањето не треба да фаворизира ученици
- Оценувањето да биде транспарентно
- Учениците треба да ги знаат целите на наставата, кои се стандардите што се очекува да ги постигнат и како ќе се оценува постигањето (што треба да научат и што, како и кога ќе се оценува)
- Учениците и родителите треба да имат увид во оценувањето
- Оценувањето треба да биде валидно и релијабилно
- Со оценувањето треба да се добијат информации што се релевантни за целите и содржините на наставата
- Во интерпретацијата на резултатите од оценувањето не влегуваат судови за однесувањата, способностите и вештините на учениците, кои не се предмет на конкретното оценување

Наставниот кадар во ООУ„Кочо Рацин“ Куманово, веќе имаат посетено посетија обуки за оценување – обуки за описно оценување, дијагностичко, формативно и сумативно оценување, како и работа со надарени-талентирани ученици. Секој наставник во своите планирања интегрира Критериумите и Стадардите за оценување притоа користејќи разни методи на оценување.

Во учебната 2025/26 година училиштето во делот подобрување на оценувањето ќе се фокусира на усовршување на различни инструменти и едукативни алатки за оценување, како и формирање валидни сумативни оценки. Особено ќе се посвети на интензивирани мерки за унапредување на процесот на советување на родители по основ

нередовна посета на настава, сегмет кој во голема мера влија кон оценување и формативно следење на учениците.

## 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка на оценувањето

Тим за следење, анализа и поддршка составен од директор, педагог, психолози, дефектолог, претседател на Совет на родители, претседател на Ученички парламент. Тимот е задолжен за имплементирање и стимулирање на наставниците за примена на стандардите во оценувањето, очекувањата од секој предметен наставник како и нивното планирање на формативното и сумативното оценување, СВОТ анализа за состојбите во оценувањето (по тримесечија, со споредба), анализа на состојбата на постигнатите резултати на наставниците, план за поддршка на наставниците кои покажуваат слаби резултати, поддршка на наставниците иноватори и креаториво ВОР, планирање на споделување на добра пракса во училиштето, ја утврдува процедурата за поплаки и жалби по добиени оцени, начинот на информирање на родителите и учениците за овие прашања.

Следењето на квалитетот на оценување во училиштето ќе се врши преку следење на планирањата на наставниците за проверка и оценување на успехот на учениците (тематски планирања), следење и анализа на успехот на учениците преку евиденцијата во одделенските книги за секој класификационен период (I-III тримесечје и I-II полугодие), следење на изготвените тестови и контролни задачи од наставниците за проверка и оценување на знаењето, следење на успехот на учениците преку тестирања во одредени одделенија од педагог, МОН или БРО.

Училиштето ќе ги информира родителите два пати во полугодие преку евидентните листови за постигањата на учениците и со свидетелства на крајот од учебната година. Локалната самоуправа и надлежните државни органи за резултатите од оценувањето и постигањата на учениците ќе бидат информирани преку изготвени извештаи (пишани и електронски), споредби и анализи за успехот на учениците во различни периоди (I-III, IV-VI, VII-IX).

За успешно спроведување на оценувањето училиштето обезбедува материјално-технички услови како што се хартија и тонер за копирање, простор за чување портфолија и изработки, услови за практични изведби (планвоПрилог).

## 16.3. Стручни посети за следење и вреднувањена квалитетот на работата на воспитно образовниот кадар

Според Закон за основно образование, следење и вреднувањето на работата на наставниците се врши од страна на Директорот, (во нашето училиште со овластување од Директорот се врши и од страна на стручните соработници и помошник директор), како и од страна на Бирото. Следење и вреднувањето се однесува на квалитетот на работата и постигањето на компетенциите и стандардите на наставниците. Врз основа на сознанијата од следењето и вреднувањето наставникот добива извештај со повратна информација и насоки за понатамошна работа, што се чува во досието на наставникот. Извештаите од следењето и вреднувањето на наставниците се користат за унапредување на работата на училиштето и за кариерно напредување на наставниците.

План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно – образовниот кадар е даден во Прилог.

## 16.4. Самоевалуација на Училиштето

Во текот на учебна 2022/23 учебна година, согласно насоки од МОН во рамки на ПЕИП проект за унапредување на образованието, нашето училиште како пилот училиште спроведе самоевалуација согласно нови индикатори за следење на рабтата на учеилиштето. Врз основа на изработената самоевалуација во учебна 2023/24 год е направена и нова Развојна програма за 2023-2027 год.

Најнова самоевалуација на училиштето е изработена заклучно со месев јуни 2025 година.

# 17. Безбедност во Училиштето

Програма за лична и колективна заштита и безбедност, превенција и заштита од природни и други несреќи, план за евакуација со предвидени вежби на ниво на училиште, курсеви за прва помош и заштита е дадена во прилог.

# 18. Грижа за здравје

## 18.1. Хигиена во училиштето

Училиштето се труди хигиената да ја одржува на високо ниво. Тоалетите за наставниците и за учениците се чисти и дезинфицирани во секое време од денот и ги задоволуваат законските прописи. Училиштето воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите се чистат најмалку два пати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат пред почетокот на секоја смена, другиот училиштен простор барем еднаш во текот на денот, а прозорците, вратите и другиот инвентар најмалку два пати во секое полугодие. Дворот на училиштето е чист од секаков видот падоци и сите земјени површини се позеленети и редовно се одржуваат согласно точките на акција од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето воспитно делува учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Освен овие корпи, поставени се и контејнери за селектирање на пласичен и електронскиот пад, стакло и хартија. Дезинфекција и дератизација на просторот се врши најмалку два пати во годината, а по потреба и почесто. Училиштето редовно набавува и употребува средство за дезинфекција на тоалетите и работните површини.

## 18.2.Систематски прегледи

Во учебна 2025/2026 година, со систематски прегледи ќе бидат опфатени учениците од I, III, V и VII одделение. Овие прегледи ќе се извршуваат во Школска амбуланта при Медицинскиот центар - Куманово, со која што училиштето има континуирана соработка. Секој одделенски раководител ќе ги придружува учениците од своето одделение за време на систематскиот преглед и ќе ја евидентира констатираната здравствена состојба за нив. Систематските прегледи се изведуваат по претходно изготвен распоред во кој се внимава да не се попречува наставата.

Редовната здравствена контрола на учениците е од големо значење за нивниот правилен раст и развој. На систематските прегледи ќе се контролира висината и тежината на учениците, нивниот физички развој, ќе се вршат превентивни стоматолошки прегледи, ќе се контролира држењето на телото, видот, слухот и ќе се вршат други прегледи со коишто се одредува дали ученикот треба да биде упатен на понатамошни специјалистички прегледи.

## 18.3.Вакцинирање

Во насока на подобрување на здравствената состојба и подигање на квалитетот на превентивната здравствена заштита на децата од училишна возраст, потребно е редовно извршување на имунизација и вакцинација.

Според календарот за имунизација и вакцинација, предвидено е да бидат опфатени сите ученици од 6 до 15 години кои треба да ги примат следниве вакцини:

6 години (I одделение) - морбили, рубеола, дифтерија, тетанус заразни заушки и активна полиовакцина;

7 години (II одделение) – детскапарализа, дифтерија, тетанус;

12 години (VI одделение) – инфекциисоХуманпапиломавирус (ХПВ) (самозадевојчиња);

14 години (завршна година во основното образование) – детска парализа, дифтерија и тетанус.

## 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштето

Здрава и правилна исхрана е најважна за растот и развојот на човекот и неговата еволуција во биолошка и културна смисла. Стилот на живеење и физичката активност му овозможува на секој човек да го негува и чува сопственото здравје. Здравата исхрана подразбира консумирање на разновидна и по можност што помалку обработена храна. За да ги извршува дневните активности, човечкото тело има потреба од голем број есенцијалн и хранливи матери и што се неопходни за нормален раст, развој и за многу други процеси. За одржување на идеална телесна маса и здраво тело, потребно е внесување на разновидни хранливи материи кои можат да ги задоволат севкупните потреби на организмот.

Со оглед дека во училиштето само дел од учениците (најголем број од одделенска настава), земаат бели пецива од овластен/сертфициран производувач, вработените во училиштето водат посебна грижа за здравјето на учениците и во текот на учебната година во соработка со родителите ќе организираат работилници, презентации, ликовни, креативни творења и други активности за едукација за здрава исхрана.

| Активности | Носители | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потшишување меморандум за соработка со Здружение „Живот“ Куманово | Анита Димовска | Септември 2025 | Да се зајакне соработката со локалните здруженија и да се постават темелите за реализирација на проектот „Здрава трпеза“ во соработка со и со поддршка на здружението |
| Посета на Органска трпеза и Агромак – шести меѓународен саем на органски и традиционални производи и втор меѓународен саем на земјоделство, технологии и преработки во Куманово | Анита Димовска<br>Биљана Милошевска | Септември 2025 | Да се учи искуствено преку директен увид во придобивките од органско производсвто на храна, зеленчук и билје, како и да се крене свеста за можностите на земјоделието како стопанска гранка;<br>Да се запознаат со начинот на одгледување на органско билје и зеленчук;<br>Да се запознаат со разновидни органски и традиционални производи;<br>Да се запознаат со земјоделство како стопанска гранка и земјоделски технологии и преработки;<br>Да се прави разлика помеѓу здрава и нездрава храна;<br>Да се развие свест за потребата од здрава органска исхрана; |
| Посета на фарма за органско одгледување на билје и зеленчук во околината на Куманово по повод 16 октомври – Светски ден на храна октомври 2025 | Анита Димовска<br>Биљана Милошевска | Октомври 2025 | Да се учи искуствено преку директен увид во придобивките од органско производсвто на храна, зеленчук и билје, како и да се крене свеста за можностите на земјоделието како стопанска гранка |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Да се стекнат нови искуства и знаења преку интерактивна работилница<br>Да се крене свест кај учениците преку правења разлика помеѓу начинот на одгледување на органско и неорганско билје и зелечнук;<br>- да направат разлика меѓу неколку видови на билје и нивната употреба;<br>- да се поттикнат заедно со родителите да одгледуваат органско билје во саксии дома на балкон или во двор / градина и во Училиште |
| Работилница: „Пирамида на исхрана“ | Учениciод VI-IX одделение, наставници и родители | октомври | Едуцирани ученици за важноста и значењето на пирамидата за исхрана |
| Ликовна работилница на тема: „Здрава храна“ | Учениciод I до V одделение, наставници и родители | ноември | Проширени знаењата на учениците за видови на жолто овошје и зеленчук |
| Одбележување на настан под наслов „Ајде да се храниме здраво!“ по повод 7 април Светски ден на здравјето | Учениciод IV до VI одделение, наставници и родители | април | Продлабочени знаењата на учениците за важноста од здрава исхрана |
| Изготвување на овошна и зеленчукова салата | Учениciод I – III одделение, наставници и родители | мај | Создавање на навики за здрава и разновидна исхрана |
| Изготвување на листа за неопходни витамини и минерали за правилен раст и развој | Учениciод VI-IX одделение, наставници и родители | март | Едукација на поголем број ученици за значењето на витамините и минералите во исхраната |
| Учество на литературен конкурс во организација на Здружение „Живот“ | Анита Димовска | март | Поттикнати ученици да учествуваат на литературен конкурс во организација на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Здружение „Живот и креативно да се изразат на дадена тема |
| Одбележување на 20 Мај - Светски ден на пчелите со презентација и интерактивни активности во училиштето | - координатори Биљана Милошевска и Анита Димовска<br>-наставници по биологија и природни наука<br>- одделенски раководители<br>-ученици од седмо до деветто одделение | Мај 2025 | Крената свест на учениците за потребата од сочувување на пчелите како најважни инсекти на планетата Земја преку поврзаност на одгледувањето на органско билје со популацијата на пчелите<br>Поттикнати ученици за истражување и критичко размислување за важноста на пчелите, пчеларството и можноста на садење и одгледување на зачинско и друго билје дома на балкон или во двор / градина<br>Стекнати нови искуства и знаење преку интерактивно учење и корелација<br>Стекнати нови знаења, зголемена мотивација и поттикнати ученици и наставници |
| Работилници од ОЖВ | Учениciод I-IX одделение<br>Одделенски раководители | континуирано | Стекнати сознанија за различни видови храна, влијание на храната врз болести и превенција од истите, важноста за здравата исхрана за здравје и правилниот развој на телото |
| „Здрава храна – здрав начин на живот“ -предавање | Ученици од IV,V, VI одделение одделенски наставник и наставник по природни науки и родители | декември | Запознаени ученици за важноста на здравата исхрана |

## 19. Училишна клима

### 19.1. Дисциплина

Училиштето континуирано води грижа за дисциплината од почетокот до крајот на работното време. За таа цел, во училиштето постои Правилник за санкционирање на нарушувањата на дисциплината и од страна на учениците и од страна на вработените. Во училиштето уште на почетокот на учебната година се прави распоред на дежурни наставници по смени, денови и простор (хол, катови, ходници и училишниот двор) во две смени.

(Распоред на дежурни наставницие даден во Прилог).

### 19.2 Естетско и функционално уредување на просторот во Училиштето

Училиштето се грижи и за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето, се со цел опкружувањето во кое престојуваат учениците да биде пријатно, колоритно, разиграно и да ги буди интересите на учениците. Формиран е Тим за естетско и функционално уредување на просторот:

1. Росица Трајковска (специјален едукатор и рехабилитатор),
2. Далибор Јовановски (наставник по ликовно образование),
3. Ирена Анастасовска (одделенски наставник)
4. тројца претставници од ученички парламент.

Учениците и наставниците водат континуирана грижа за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето. Кај учениците е всадена навика за чување и одржување на изложените изработки. Училниците, ходниците и холот се уредува согласно темите од наставната програма, реализирани активности од проектите во кои е вклучено училиштето, празниците и годишните времиња. При уредување на училишниот простор се води грижа експонатите да го отсликуваат мултиетнчкиот, инклузивниот карактер на училиштето. (План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето е даден во Прилог)

### 19.3. Етички кодекси

Во училиштето постојат кодекси за однесување на наставниците, учениците и родителите. Како резултат на тековните збиднувања постојано се доаѓа до сознание дека постои потреба од вметнување на нови правила во постојните кодекси. За таа цел и зготвениот Кодекс за однесување на ученици кои ќе следат настава од далечина може да претрпи измени во зависност од состојбата со

пандемија. Исто така изготвениот Правилник за користење на мобилни телефони во училиште ќе продолжи да се применува во иста или изменета форма.

## 19.4. Односи меѓу сите структури во Училиштето

Од особена важност е во рамки на училишната структура за постои киоординација и организирани односи во сите структури. И за таа намена има формирано Тим за подобрување на односи меѓу сите структури во училиштето:

1. Ирена Анастасовска (одделенски наставник),
2. Силвана Петковска Додиќ (наставник по македонски јазик),
3. Весна Тодоровска (наставник ментор),
4. Марина Милошевска Јакимовиќ (педагог),
5. Далибор Спасиќ (домаќин),
6. Никола Спировски (секретар).

| цели | содржини | реализатор | Време | Ресурси | Ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Да се подобри меѓусменска комуникација | -продолжување со информирање за тековни настани и новини во училиштето преку одржување средби;<br>-користење на затворена група на социјалната мрежа Facebook за информирање и комуникација меѓу вработените ;<br>-состаноци на стручни активи како и на технички персонал најмалку | -одделенски и предметни наставници<br>-директор<br>-стручна служба<br>-родители<br>-библиотекар<br>-домаќин<br>-административна служба | континуирано | -човечки ресурси<br>-техничка опрема<br>-интернет | -Подигање на квалитетот на комуникацијата меѓу вработени од иста структура |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | еднаш месечно; | | | | |
| 2. Да се подобри комуникација во тимови | -правилна распределба на вработените во училишните тимови и еднаква вклученост во сите активности на училиштето;<br>-навремено почитување и реализирање на обврските во целокупната тимска работа; | -одделенски и предметни наставници<br>-директор<br>-стручна служба<br>-технички персонал<br>-административна служба | континуирано | Правилник за работа на комисии<br>-човечки ресурси<br>-техничка Опрема | -Подобриување на комуникацијата во тимови |
| 3. Да се назначат лица за комуникација со подрачни училишта | - назначување на претставници од подрачните училишта ,кои ќе ги прибираат и пренесуваат сите потребни информации и новини од централното до подрачните училишта и обратно ; | -одделенски и предметни наставници<br>-директор<br>-стручна служба | континуирано | -човечки ресурси<br>-техничка опрема | -Назначување на лица за комуникација со подрачни училишта |
| 4. Да се почитуваат задолжителните обврски во училиштето | - назначување на лица кои ќе водат Евиденција за исполнети задолженија | -ученици<br>-одделенски и предметни наставници<br>-директор<br>-стручна служба<br>-родители | континуирано | -техничка Опрема | Почитување на задолжителните обврски во училиштето |
| 5.Да се подобри комуникацијата и да се зголеми меѓусебната доверба и соработка | -организирање на заедничка прослава по повод Нова година;<br>-организирање прослава по повод Ден на училиштето; | -одделенски и предметни наставници<br>-директор<br>-стручна служба<br>-родители<br>-библиотекар | континуирано | -човечки ресурси<br>-техничка опрема | Подобрување на комуникацијата и зголемување на меѓусебната доверба и соработка |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | -организирање на посети и екскурзии на крај на учебна година<br>-спортски и музички активности ; | -домаќин<br>-администра тивна служба | | | |

## 19.5. Активности за поттикнување демократска клима во Училиштето

Училиштето ќе се вклучи во промоција на граѓански вредности и практикување на демократско однесување. Со цел зајакнување на демократската клима во Училиштето, во текот на целата учебна година ќе се реализира активности за Отворен ден за граѓанско образование. Оваа активност е наменета за поттикнување одговорност кај ученици, за состојбите и условите во општеството, да се зајакне нивната иницијативност за преземање одговорни акции кои водат кон промени, оддржливост и колективна добробит. Истата ќе придонесе за граѓанските вредности на ниво на Училиштето и поврзување со пошироката заедница.

# 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

## 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Согласно законските и под законските акти, наставниците/стручните соработници имаат право и обврска професионално да се усовршуваат и право да напредуваат во кариерата. Професионалниот развој е право и обврска на секој поединец, придонесува за повисоки постигања на учениците, првенствено се базира врз самопроценка. Составен дел на професионалниот развој е стручното усовршување кое подразбира стекнување на нови и усовршување на постојните компетенции на воспитно-образовниот кадар што се важни за унапредување на воспитно-образовната дејност. Потребите и приоритетите за стручно усовршување се детектирани врз основа на личните планови за професионален развој на наставниците/стручните соработници, резултатите од самопроценката и извршената Самоевалуацијата на училиштето, како и изготвените предлог-програми за професионален развој на ниво на стручни активи. Како приоритетна област да се продолжи со воспоставената практика за дисеминација на стекнатите знаења, а особено внимание да се посвети на следење на новините во законските и програмските документи и унапредување на сопствената педагошка практика врз основа на следење и имплементирање на промените и новините во системот на

образованието. Исто така да се изврши соодветно детектирање на потребите за професионално усовршување и посета на задолжителните акредитирани обуки од каталог на БРО финансирани од МОН.

## 20.2. Активности за професионален развој

Оваа учебна година ќе бидат реализирани следните активности за професионален развој на наставниците и стручните соработници: обуки, семинари за измени од наставните планови и програми од страна на БРО; интерни обуки, предавања и работилници на стручни активи и наставнички совет, дисеминација на обуки на ниво на училиште; реализација на активности од Училишна програма за професионален развој. Претседателите на стручните активи изготвија Програма за стручно усовршување на ниво на актив која опфаќа само групни форми на стручно усовршување. Врз основа на овие програми Тимот за професионален развој на училиштето изготви Училишна програма за професионален развој.

## 20.3. Личен професионален развој

За ефективен професионален развој наставниците/стручните соработници изготвуваат личен план за професионален развој врз основа на самопроценка на сопствените компетенции, потреби, интереси и професионални интереси (според Правилникот). Се усогласува со планирањето на колегите од стручниот актив, со потребите на училиштето и државата и реалните можности за остварување на желбите и плановите. Тоа се прави низ професионален дијалог со колегите (Тимот за професионален развој) и директорот кој што ја има клучната одговорност за распоредување на ресурсите за професионално усовршување.

## 20.4. Хоризонтално учење

Хоризонтално учење или учење едни од други претставува различни видови на планирано и организирано пренесување на знаења или размена на искуства во училиштето или помеѓу училиштата. Со хоризонталното учење, раст и развој во кариерата всушност постигнуваме личен напредок во рамки на нашата професионална улога. Посетата на наставниците на разни семинари значи и споделување на искуствата и знаењата стекнати на тие семинари. Овој тип на учење се реализира преку работа на стручните активи во училиштето и низ

програмите на стручните соработници, размена на искуства и мислења, посета на часови, отворени часови, размена на искуства меѓу колегите. Во текот на учебната година ќе се реализираат форми на поттикнување на продуктивна соработка помеѓу наставниците преку ефективни состаноци на кои ќе се донесуваат конкретни заклучоци, предлози и мерки. Тоа има за цел зголемено взаемно почитување и доверба, конструктивно решавање на проблемски ситуации, отворена комуникација, почитување на мислењето на секој поединец, присуство на критичност и самокритичност.

## 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Наставниците/стручните соработници во основните и средните училишта може да напредуваат во звања. Категоријата наставник/стручен соработник се добива со полагање на стручен испит за наставник/стручен соработник. Наставникот/стручниот соработник може да напредува во наставник/стручeнсоработник - ментор и наставник/стручен соработник - советник. Професионалните стандарди за звањата наставник/стручен соработник - ментор и наставник/стручен соработник - советник и начинот на стекнување ги пропишува министерот на предлогна БРО и ЦСОО. Секој наставник/стручен соработник во диевиденција за професионалнио тразвој, во пропишана форма – професионално досие. Во него се евидентира напредокот на наставникот/стручниот соработник, што може да му послужи при самопроценката и напредување во повисоко звање, а во третиот дел содржи докази за професионалниот развој и напредување во кариерата.

Во учебна 2020/21 година еден наставник напредуваше во звање наставник – ментор и истиот им пружа менторска поддршка на останатите наставници.

# 21. Соработка на Училиштето со родителите/старателите

## 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на Училиштето

Родителите редовно се вклучени во сите случувања од училиштниот живот земајќи активна улога при донесувањето на одлуки преку Совет на родители. Совет на родители во ООУ „Кочо Рацин“ Куманово, работи по претходно изготвена Годишна програма за работа и Деловник за работа. Со нив е предвидена динамика на состаноци, одговорни лица и број на членови во телото. Сите тежишни

приоритети се разгледуваат на состанок на Совет на родители и истите даваат идејни решенија за имплементација на истите. Родителите се вклучени во сите сегменти на работење на училиштето и тоа при: детектирање на состојбите во училиштето од типот на потребни дефекти и поправки на инвентарот и подобрување на условите за работа, нивни идејни планови за организација на активности во училиштето, родителите учествуваат во донесување на решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиште и реализација на истите. Распоред за прием на родители/старатели е даден во прилог).

## 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонnаставните активности

Во ООУ „Кочо Рацин" Куманово, родителите се секогаш добредојдени и истите даваат придонес во имплементација и подобрување на наставата воопшто. Вклученоста на родителите во Училишниот одбор, соработка со: директорот на училиштето, наставниот кадар и стручната служба е подетално опишана во Годишните програми на истите. Родителите по барање на наставниците даваат континуирана поддршка на наставниците за олеснување на работата со ученици со потешкотии во развој и посебно ги поддржуваат соработките за напредување на учениците–таленти. Семејствата се вклучени во повеќе афирмативни акции за доброто на училиштето и сите релевантни фактори вклучени во истото. Триаголникот наставник – родител – ученик за секоја паралелка одделно е предвиден со засебна годишна програма за соработка со родители и одбор на родители.

И оваа учебна година една од приоритетни задачи на училиштето ќе биде зголемен степен на застапеност на родители во имплементација на слободните ученички активности и другите воннаставни активности, натпревари, екскурзии, приредби, манифестации, промоции и други настани во училиштето, особено преку проектот *Заедничка грижа за правилно на сочување на учениците.* Родителите ќе бидат вклучени и во имплементација на мали училишни интеркултурни и други иницијативи, проекти кои се имплементираат со поддршка на ФООМ, УСАИД и ЕРАЗМУС + проекти.

## 21.3. Едукација на родителите/старателите

Училиштето организира едукативни работилници за родители (Родителство, Стилови на родителство, Комуникација), типизирани предавања и третирање на теми преку соопштенија, флаери, плакати, брошури, училишни весници и советувања. Советодавно-консултативните работилници – индивидуални и групни, посета на семејства се применуваат по барање и потреба за поддршка на наставник кај поединечни случаи за надминување на потешкотии и аномалии со кои се соочуваат учениците.

# 22. Комуникација со јавноста и промоција на Училиштето

*Тимот за комуникација со јавноста и промоција на училиштето* оваа учебна 2025/26 година ќе настојува да се развива уште поголема комуникација со јавноста за да се промовираат активностите и достигнувањата, но и да се запознае локалната средина со постоечките состојби и проблеми во училиштето. Преку усна, писмена и електронска комуникација ќе се договараат состаноци, средби, дебати, трибини меѓу директорите, меѓу наставниците од други локални училишта, како и со локалната самоуправа и со бизнис заедницата.

Соработка ќе постои и при реализација на професионална ориентација на учениците и при реализација на разни собири по одредени случувања во училиштето: Свечен прием на првачиња, Еко-ден, одбележување на Детска недела, Месец на книгата, Светски ден на лица со попреченост, Светски ден за правата на децата, Светски ден на храната, одбележување на 8 – ми Март, маскенбал за Денот на шегата, традиционалниот маскенбал „Батко Ѓорѓија“ организиран од Општината, Денот на училиштетето, Отворен ден за идни првачиња и нивни родители, и сл. Локалната средина активно ќе се вклучи во реализација на ОХО-проект, „Безбедни училишта“, „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“, „Збратимени училишта“, Еразмус + проект и во сите други училишни проекти предвидени со Годишната програма.

Овие активности ќе се реализираат преку: родителски средби, индивидуални и групни средби со родителите, посета на приватни и општествени институции, фирми и фабрики со цел запознавање на ученици со различни занимања, разновидни собири, приредби, изложби, излети, работни акции, собирни акции и други активности.

Задолжително ќе продолжат да се планираат и да се следат објавени конкурси и натпревари на локално, државно и намеѓународно ниво. Нашите ученици со своите лични творби ќе земат учество на различни конкурси распишани на општинско, државно и меѓународно ниво. Посебен интерес се следи и активно се учествува на меѓународни конкурси за ликовни и литературни творби со што се продолжува трендот за афирмација на нашето училиште во меѓународни рамки. Сѐ поинтересни стануваат конкурсите распишани на интернет страниците, па ќе се посвети поголемо внимание на истите. Предвидено е учество и наликовна колонија.

Училиштето и оваа година ќе посетува изложби, културно-историски споменици и музеи. Тесно ќе соработува со градската библиотека „Тане Георгиевски", со Центар за култура „Трајко Прокопиев", со кумановскиот театар, а за учениците ќе бидат организирани посети на театри, кина, балетски претстави, присуство на промоција на книги и слично, во и надвор од градот, како дел од воннаставни и слободни ученички активности.

Во годишните планови и програми, активите од нашето училиште задолжително ги планираат општинските, регионалните, државните, меѓународните натпревари и конкурси организирани од МОН, БРО, ДПИ, ЕЛС-Сектор за основно образование. Со овие образовни институции ќе се соработува и при реализација на активности за унапредување на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција. Со помош на МОН и БРО ќе се реализираат и сите видови на задолжителни обуки предвидени за основно образование. Со помош на ДПИ и ЕЛС-Сектор за основно обраозвание ќе се следат сите новини во образованието, примена на новата Концепција за основно образование и упатства/обуки  за нивна примена. Ќе се сорботува и со други образовни институции (училишта и градинки) со цел размена на искуства и промоција на нашето училиште.

Училиштето има поднесено две апликации за Еразмус проекти од кои едната е веќе одобрена, а за уште една се очекува одговор. Планирано е и двата проекти да стартуваат од септември 2025 година

Ќе продолжи соработката со Регионален Центар за лица со интелектуална попреченост „Порака наша", Здружение за умствен развој на деца „Браин Гинис", Општинската организација на Црвен крст - Куманово, со НВО „Национален ромски центар", ЗГ Кумановски акцијаши, Хуманитарно здружение „Мајка", ЗГ „Инклузива", Фото клуб Куманово, ЗПЗП „Козјак 2013", Извиднички одред СКАУТ,

Женско хуманитарно, културно и просветно друштво „Коло српских сестара“, партен училиште за реализирање на мултиетничка интеграција ООУ „Толи Зордумис“ Куманово, Основно училиште со ресурсен центар „Иднина“ Скопје, „Македонско здружение за заштита при работа“, „Центар за интеркултурен дијалог“со кои Училиштето има потпишано меморандуми за соработка. Училиштето ќе остане отворено за соработка со невладини организации со кои би оствариле интелектулно и креативно унапредување на образовниот процес на учениците.

Како и досега ќе продолжи со работката со: приватни фудбалски школи во Куманово, РК „Куманово“, КК „Куманово“, КК „Пинк Пантер“, Атлетски кулб „Куманово“, пливачки клубови во Куманово, „Друштво на училишен спорт на Куманово“ при реализација на турнири и разни спортски активности, како и активно учество во лигите и натпревари оганизирани од „Федерацијата за училишни спортови на Македонија“. Активна соработка ќе продолжи и со „Сојуз на спортови на град Куманово“. Училиштето активно ќе учествува и во натпревари, турнири организирани од локални институции и невладини организации кои најчесто се од хуманитарен, рекреативен и натпреварувачки карактер.

Нашето училиште продолжува да соработува со Медицински центар-Куманово преку разни здравствени активности: систематски прегледи, вакцинација, превенција на забни болести, презентации поврзани со здравјето на учениците и заштитата од разни болести. Доколку има потреба ќе се соработува и со Центар за социјални грижи и ќе се помага на учениците. За сигурно стана вработените и учениците на почеток на годината преку тендер ќе се одбере осигурителна компанија која ќе биде на доброволна база. Секој одделенски раководител прави акциски план со едукативни теми за здравјето на учениците со одговорни лица за реализација, време на реализација и очекувани исходи.

Новини, активности и достигнувања редовно ќе се известуваат преку Web страна на Училиштето која стана особено популарна со созавањето на Fun page на Училиштето и која постојано се обработува и надоградува со информаци и за активности спроведени во училиштето или надвор од него. Ќе продолжи со работка со државната телевизија МТВ, новинска агенција МИА, локалната телевизиска станица „ТВ Плус“, локалното радио „Браво“ и преку интернет порталот „Kumanovo News”. Учениците редовно ќе се известуваат за постигнатите успеси и за тековните активности и преку училишниот медиумски весник „Ринг Медиа“и тековно во форма на соопштенија преку Училишен разглас.

Доколку постои заинтересираност и можност училиштето може да учествува и на други државни радио и телевизиски станици. Како форми и методи за информирање ќе се користат интервјуа, репортажи, еко-катчиња, отворени денови за поширокаta заедница. (План за реализација на активностите од оваа подрачје е даден во прилогот)

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на Училиштето

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Реализација на редовна настава | следење на планирања посета на чсови извештаи за реализација/континуирано | директор педагошко-психолошка служба | Директор наставнички совет |
| Реализација на додатна и дополнителна настава | увидводневникна паралелка посетаначас попотреба/по класификациони периоди | директор претседателинасручниактиви | Директор |
| Реализација на воннаставни активности | следење на планирања посета на чсови извештаи за реализација/полугодие и крај на уч. година | директор помошник директор | Директор Училишен одбор Совет на родители наставнички совет |
| Учество во натпревари, конкурси, манифестации | евиденција на посигнати резултати извештаи/континуирано | директор помошник директор | Директор Училишенодбор Совет на родители наставнички совет |
| Реализација на проекти | увид извештаи/полугодие и крај на уч. година | директор | Училишен одбор Совет на родители наставнички совет деловни субјекти надворешни и домашни партнери |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Анализа на постигнатиот училишен успех во споредба со претходната учебна година | анализа/<br>по класификациони периоди | директор | Училишен одбор<br>Совет на родители<br>наставнички совет |
| Применети, методи, техники, форми и инструменти за оценување | табеларни прегледи<br>извештаи/<br>полугодие и крај на уч. година | директор<br>стручни активи<br>стручни соработници | директор<br>наставнички совет |
| Грижа за здравје | увид во педагошка евиденција и документација<br>/континуирано | директор<br>стручни соработници | директор<br>Совет на родители<br>наставнички совет |
| Училишна клима | разговори<br>анкети<br>размена на мислења<br>состаноци на тимови/континуирано | директор | Наставнички совет<br>Совет на родители<br>Училишен одбор |
| Професионален развој на вработените | Увид во професионално досие<br>состаноци на стручни активи<br>континуирано/полугодие и крај на учебна година | директор<br>педагошко-психолошка служба | Директор<br>тим за професионален развој<br>наставнички совет |
| Соработка со родители/старатели | записници<br>извештаи/континуирано | директор<br>помшник директор | Наставнички совет<br>Совет на родители<br>Училишен одбор |
| Комуникација со јавноста и промоција на Училиштето | записници<br>извештаи<br>објави/континуирано | директор<br>помшник директор | директор<br>наставнички совет<br>Совет на родители<br>Училишен одбор |

## 24. Евалуација на Годишната програма за работа на Училиштето

Евалуацијата на активностите ќе ја спроведува Комисија за евалуација на годишна програма, континуирано и на определени временски периоди. За различни критериуми се спроведува анализа на податоците и документацијата и се запишуваат одредени констатации, во форма на квантитативна и квалитативна анализа. Доказите ќе се собираат преку прашалници, записници, протоколи, непосреден увид во работата, набљудување, интервјуа, дискусии, извештаи, евидентни листови.

## 25. Заклучок

Поради континуираните промени што се случуваат во општеството, неопходно е постајано да ги преиспитуваме ставовите и социјалните вештини кај учениците што ги стекнуваат во образовниот процес. Треба да развиваме ставови соодветни за граѓаните на 21- ви век како:

- Свест за чување на животната средина, што заначи навремено согледување на проблемите во природата, креативни решенија за истите, стекнување на предзнаења за природата, еколошките вредности, еколошкото однесување и ставови
- Развивање на мултикултурна толеранција и разбирање со цел подобрување на човечкиот потенцијал за градење соживот во мултиетничко општество. Прифаќање на сопствената култура, како и отвореност за запознавање, прифаќање и почитување на другите култури. Развивање свест за сопствениот удел во меѓуетнички состојби во општеството, вештини за комуникација и соработка потребни за интеракција со припадници на други култури. Развивање вештини за препознавање и намалување на стереотипи и предрасуди кај себе си и другите
- Спречување на насилство и разрешување на конфликти преку подигање на капацитети на ученици, наставници и родители за запознавање со фактори што придонесуваатза создавање конфликти, појава на насилство, препознавање на сите облици на насилство, учење на вештини за справување со конфликти, вештини за ненасилна комуникација, справување со предизвиците на дискриминација

- Свест за правилно и безбедно користење на интернет – за зголемување на безбедноста и заштита на правата и приватноста на децата на интернет преку совети, информации, предавања, работилници
- Ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права – обезбедување атмосфера и услови кои ќе ги стимулираат учениците да формираат свое сопствено мислење и слободно да го изразуваат истото, без последици, како и градење механизми и процедури што ќе им овозможат на учениците да учествуваат во донесување одлуки во Училиштето од домен на ученичкиот живот. Сето ова е со цел за уживање на право на секое дете да бара, прима и да дава информации, да се организира и здружува со другите деца за посоодветно формулирање и манифестирање на своите потреби и интереси
- Негување инклузивна клима - обезбедување на еднакви права и можности за сите ученици, независно од нивните лични специфичности и посебноста на образовните потребипреку:зајакнување на компетенциите на наставниците за инклузивно образование; обезбедување на дополнителна поддршка на учениците со посебни образовни потреби/ потешкотии при учењето; инклузија на родителите и на пошироката заедница;подигање на свеста за Училиштето и другите чинители за поддршка на учениците од ранливите групи и на воспоставувањето соработка и взаемна поддршка помеѓу општините, училиштата и организации; зајакнување на капацитетите на наставниците разбирање и подобрување на знаењето и вештините потребни за работа со маргинализирани групи на ученици; поддршка на наставниците во процесот на планирање, спроведување и следење на инклузијата
- Подобрување на педагошката практика врз основа на следење и имплементирање на промените и новините во системот на образование

Само доброто планирање може да помогне училиштето да се соочи и справи со промените. Годишното планирање на училиштето е пример за систематски промени.

Комисија за изработка на Годишната програма:

1. Галаба Давчевска – Директор
2. Магдалена Божиновска Стојанова – Помишник директор
3. Марина Милошевска Јакимовиќ – педагог
4. Фросина Арсовска – психолог
5. Оља Цветковиќ – психолог
6. Росица Трајковска – специјален едукатор и рехабилитатор
7. Марија Милановска – одделенки наставник
8. Илина Арсовска – претставник од Ученички парламент

Директор:

______________

Галаба Давчевска

Претседател на Училишен одбор:

______________

Даниел Спировски

Прилози

1. ГП за работа на директор
2. ГП за работа на помошник директор
3. ГП за работа на педагог
4. ГП за работа на на психолог
5. ГП за работа на на психолог
6. ГП за работа на дефектолог
7. ГП за работа на библиотекар
8. ГП за работа на Училишен одбор
9. ГП за работа на Совет на родители
10. ГП за работа на Наставнички совет
11. ГП за работа на стручни активи
12. ГП за работа на одделенски совети
13. ГП за работа на Училишен инклузивен тим
14. ГП за работа на образовен медијатор
15. ГП за работа на хор
16. ГП за работа на оркестар
17. ГП за работа на заедница на паралелката
18. ГП за работа на ученички парламент
19. ГП за работа на ученички правобранител
20. Распоред на часови
21. Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања
22. Програми за воннаставни активности
23. Програма за додатна настава
24. Програма за дополнителна настава
25. Програми за вонучилишни активности
26. Програми за реализација на ученички натпревари
27. Програма за унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција
28. Проекти што се реализираат во основното училиште
29. План за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите
30. План за професионална ориентација на учениците

31. План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, справување со дискриминација
32. Календар на оценување
33. План за следење и анализа на состојбите со оценувањето
34. План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар
35. Програма за самоевалуација на Училиштето
36. Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди
37. Распоред на дежурни наставници
38. План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на Училиштето
39. Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во Училиштето и училишниот двор)
40. Програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар
41. Програма за соработка на Училиштето со родителите/старателите
42. Програма за соработка со локалната средина и локалната заедница
43. Програма за грижа за здравјето на учениците
44. Програма за јавна и културна дејност на Училиштето
45. Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на Училиштето
46. Програма за антикорупциска едукација на учениците во основните училишта
47. Програма за реализација на Отворен ден за граѓанско образование
48. Програма за спроведување на еколошки активности
49. Програма за работа на наставник – ментор
50. Програма за работа на тим за поддршка на родители/старатели, ученици, наставници и паралелки на ученици на кои им е изречена педагошка мерка
51. Програма за работа на училиштен медиумски клуб РИНГ МЕДИА